СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**II ПРОДОЛЖЕННИЕ НА 24-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.09.1995г**

1. АНГЕЛОВОКИ ИВАН -1,4
2. АРСОВСКИ БРАНКО -17
3. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО -10
4. ОСМАНИ РУФИ - 20,22
5. ПАВЛОВ БОРИС -23
6. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 14
7. ТРАЈКОВ РИСТО -15

точка 11 -стр.1(Информација за состојбите во врска со откупот на пченицата)

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 24-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 21 септември 1995 година

Седницата започна со работа во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со ена претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **точката 11** - Информација за состојбите во врска со откупот на пченицата.

Информацијата и извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство Ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници оваа информација која што јас ќе си дадам за право денеска да Ви ја презентирам овде, од самиот наслов можете да видите дека се состои главно од три основни дела. Секој дел има свое значење само за себе дотолку повеќе што за секој од овие делови и соодветно министерство си носи своја обврска и своја одговорност.

Јас во оваа прилика ќе ја изнесам во целина информацијата со сите три составни делови, а самите Вие ќе заклучите за обврските на постојните министерства што тука влегуваат. Значи, станува збор за

извршување на жетвата , откупот на пченицата и исплатата на премијата во 1995 година.

На почетокот само за Ваша информација сепак како Парламент, многу кратко сакам да Ве запознам дека годинава во Република Македонија имаше четвена површина некаде околу 203 илјади хектари, од кои што на пченица отпаѓаат некаде околу 131 илјада хектар, јачменот некаде зазема околу 42 илјади хектари, пролетниот јачмен околу 19 илјади хектари, на ржта отпаѓа некаде околу девет илјади и девет-стотини хектари, а маслодајната репка само да ја спомнеме околу осумстотини и осумдесет хектари.

Со цел да се обезбеди по квалитетно и навремено завршување на жетвата, беа преземени и одредени активности од страна на Министерството. За успешно извршување на жетвените активности, чија што посебна активност претставува на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, пред почетокот на жетвата беше формиран штаб за следење на жетвата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој беше во една постојана врска и координација со општинските штабови.

Понатаму, по иницијатива на министерот, беа инспектирани сите жетвени комбајни во република Македонија, за чија цел беше формирана стручна комисија во која што учествуваа еминентни наши стручњаци од Земјоделскиот факултет, кој што директно се вклучија во проверката и оценката на квалитетот на комбајните, и врз основа на нивна проценка за секој комбајн беше добиен соодветен сертификат и како таков тој влегуваше понатаму за извршување на жетвата на нашите површини.

I/3.-

Во текот на жетвата морам да спомнам само кратко, имаше и појава на одредени тешкотии, особено овде заслужува внимание да истакнеме големите поројни врнежи од дожд и град што ја зафати нашата Република, особено во општините Неготино, Кавадарци, Валандово Штип и други места, каде беа направени значителни штети на неожнеаните површини под житарици, а и други индустриски и градинарски култури, понатаму овошни насади, лозови насади, кои што причини ќе се манифестираат понатаму преку намалување на очекуваното земјоделско производство. Само да нагласам, бидејќи тоа се ретки години, оваа година во јули и август месец за прв пат, во нашите податоци тоа не е забележано, во нашата Република во општината Кавадарци паднати се 212 литрасна метар квадратен, во Прилеп е паднато околу 177 литри на м2, во Берово 174 и т.н. Овој податок е чисто за информација, бидејќи тоа се ретки податоци, тие се ретки години ние во текот на месец јули и август да имаме такви падавини, кои што на свој начин покрај својата корист што ја имаат покажаа и одредени негативни рефлекси врз одредени производи во одредени општини.

Инаку , што се однесува до жетвата на пченицата ...

**ИВАН АНГЕЛОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

...тука би го спомнал и јачменот и другите житни култури, покрај честите прекини може да се оцени дека успешно е завршена.

Според податоците што ги имаме заклучно со 2 3 август се цени дека жетвената активност е завршена за 97% кај пченицата. Тоа е податок кој не убедува дека апсолутно жетвата е завршена во оној временски период кога е најпотребно. Инаку, само да нагласам дека од ожнеаните површини под пченица добиено вкупно производство од 381.294, илјади тони од кои во општествениот сектор околу 156.636 илјади тони, додека во индивидуалниот сектор околу 224.658 илјади тони. Во однос на оствареното производство во претходната година само за споредба, нема да ве заморувам со тие податоци, претставува зголемување на производството за 53%. Само да спомнам дека за оваа година добивме просечен принос кога станува збор за пченицата од 2990 кгр. во приватниот сектор, а во општествениот околу 3050 кгр. или ако се спореди со просечниот принос од минатата година претставува зголемување на просечниот принос од 40%. Во основа треба ддеме задоволни.

Инаку, сега влегувам во вториот дел, тоа беше многу кратко од делот како е извршена жетвата, но навлегуваме во вториот дел да видиме како се вршел откупот на пченицата.

Откупот на пченицата до сега се врши отежнато, според добиените податоци од општинските штабови за следење на жетвата и откупот на лебното жито, вие во вашата информација имате постари податоци, јас сакам да ги коментирам најновите податоци кои ги добивме во нашето Министерство, а тоа е во состојба 19 септември, значи пред два дена, како стои состојбата.Заклучно со 19 септември во Република Македонија,

според податоците со кои располагаме имаме откупено 144 илјади тони пченица од кои во општествениот сектор 96.785 илјади тони, додека во индивидуалниот сектор околу 47 илјади тони.

Во врска со откупот, складирањето, обезбедувањето на финансиски средства за откуп и за исплата на премија на пченицата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со надлежните министерства, а тоа е прв ред со Министерството за сто панство, Министерството за финансии, Министерството за развој и Народната банка презедовме посебни активности и мерки.

Имено, Владата на Република Македонија донесе одлука за заштитна цена на пченицата од родот 1995 година, тоа ви е познато, објавено е во "Службен весник на РМ" бр. 28/95 со кој на производителите на мека пченица се исплати заштитна цена од 10 денари, а за тврда пченица заштитната цена изнесуваше за 20% повисоко.

Исто така, Владата на Република Македонија утврди и посебна конструкција, што сакам посебно да= го нагласам за обезбедување на средства за финансирање на откупот на пченицата од родот 1995 година. Овде морам да истакнам дека ние сме можеби една од ретките земји во кои Владата презема таква одговорност да ја откупи целата пченица. Владата е свесна за се она што го направи заради состојбите што ги имаме на нашите простори, а особено во нашата Република, ценејќи ја ситуацијата во која сме презеде таква одговорност инаку, вие тоа можете да го видите и како пратеници такви средства Републиката во Буџетот нема предвиденр за 19 95 година. Сите овие активности кои ги презема Владата ги презема надвор од Буџетот. Тоа посебно сакам да го нагласам бидејќи треба да се има предвид зошто и какви тешкотии сега настануваат токму заради тоа за да може да се изнајдат квалитетни средства да се реализира овој откуп.

Инаку, се оценува дека пазарен вишок треба да дојде во Република Македонија околу 200 илјади тони пченица и според утврдената заштитна цена од 10 денари по килограм, потребни се вкупно средства за откуп околу 2 илјади милиони денари заедно со премијата од 400 милиони денари што вкупно треба да изнесува 2.400 милиони денари. За откуп од индивидуалниот сектор се предвидува околу 350 милиони денари да се потрошат, за откупот на преостанатите количини се предвидува да се потрошат околу 1650 милиони денари. Се предлага обезбедување. на средства и плаќање на производителите да се изврши во динамика од следните извори и средства. 350 милиони денари се предвидува за откуп на 35 илјади тони пченица од индивидуалниот сектор и тие средства треба да бидат обезбедени преку Програмата за формирање и засновување на стоковите резерви по следната динамика.

На 15 август се предвидува да се почне исплата на премиите, а понатаму, почнувајќи од 10 септември па месечно квартално заклучно со 10 декември да се изврши целокупната исплата на откупените килограми пченица од индивидуалниот сектор. Тоа е за индивидуалниот сектор.

За останатите количини од 16 5 илјади тони пченица тоа се количини од општествениот сектор, потребни се средства од 1650 милиони денари и предлагаме сите да бидат обезбедени од следните извори.

Прво, 330 милиони денари се предвидуваат за премија од предвидените средства од Буџетот за премии за одделни земјоделски производи со динамика на исплата, почнувајќи од 15 август 19 95 година. Веднаш да кажам дека овие средства се единствено за премијата предвидени од Буџетот.

Понатаму, 300 милиони денари времено ќе се земе позајмица од Буџетот со динамика од 5 до 25 септември да се обезбедат овие средства. 180 милиони денари ќе се обезбедат по пат на компензација

преку Дирекцијата за стокови резерви по основ на обврски за користени стоки од стоковите резерви, вклучувајќи ја тука нафтата за жетва и сеидба. Понатаму, 175 милиони денари ќе се обезбедат по основ на компензација на обврските на земјоделските претпријатија кои ги имаат спрема Агенцијата за санација на банките со поволен дисконт. Компензацијата ќе се изврши сразмерно на висината на понудениот пазарен вишок и обврските на претпријатијата спрема агенцијата и дирекцијата.

Понатаму, 609 милиони денари ќе земе учество Мелничко - пекарската индустрија, средствата треба да се обезбедуваат со наменско покачување на цената на брашното и лебот од 600 грама и сопствено учество на мелничарите. 150 милиони денари ќе се обезбедат по основна компензација за брашно преку Претпријатието од Мелничко-пекарската индустрија и производителите на пченица.

Според ова решение на можни извори за финансирање на пченицата сумарно кажано државата преку Дирекцијата за стоковите резерви ќе изврши откуп на 124 илјади тони пченица, додека Мелничко - пекарската индустрија ќе откупи некаде околу 76 илјади тони и севкупно претставува 200 илјади тони пченица.

Со оглед на временскиот карактер на изворите на средства за откуп на пченицата, а и заради обезбедување на трајни извори на средства за откупот, средства се обезбедуваат и со емисија на благајнички записи од околу 500 милиони денари. Со овој предлог ќе се изврши повраќај на времено ангажираните средства, како што истакнав напред, ќе бидат земени од Буџетот. За емисија на благајничките записи Владата донесе одлука истата е објавена во "Службен весник" број 37/95 во кој е даден рок за отплата и тука е утврдено 10 месеци и каматна стапка од 22% годишно ниво, што се оценува дека ќе би- де стимулативно за купуваше на записи.

Се оценува дека вкупно потребните средства за исплата на каматите ќе изнесува 185 милиони денари кои треба да бидат обезбедени од Буџетот и истите ќе бидат ставени во 1996 година.

Исто така, како можен извор се предлага да бидат и средствата што ќе се добијат од продажба на стоки од Дирекцијата на стоковите резерви. За реализација на предложените мерки, Владата на Република Македонија исто така донесе одлука, тоа ви е познато, за определување највисоки цени на брашното и на лебот. Таа одлука е објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 36/95 во која се вели издвојување на 3 денари од цената на 600 грамскиот леб.

По однос на сместувачките капацитети најголем проблем за сместување се појави во реоните Битола, Струмица, Куманово, Свети Николе, Прилеп, како и во Гостивар и Тетово.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Министерството на стопанство, имајќи ги предвид расположливите сместувачки капацитети даде еден глобален распоред за сместување на пченицата во Мелничко пекарската индустрија. Тоа ви е дадено во прилог на оваа информација, а исто така ова беше објавено и во дневниот печат, така што нашите производители беа навреме известени каде има слободни сместувачки капацитети и таму беше носено производството.

Понатаму, и веќе сум при крај со информацијата, според доставената до сега исправна документација од производителите на пченица за остварување на правото на премија, произлегува дека, вие во информацијата имате постари податоци, јас ќе ви ги изнесам денешните заклучно со 14 о.м. откупени се, односно евидентирани се во нашите списоци исправна документација за премија од 129.616 илјади тони за кои се потребни да се обезбедат 259.714 милиони денари за исплата на

премија. До 14 септември о.м. на име премија исплатени се вкупно 140 милиони денари од кои на индивидуалниот сектор исплатени се 70 милиони денари, а исто така и на општествениот сектор околу 70 милиони и 120 иљади денари.

Морам да кажам дека заклучно со овој ден сета исправна документација што ја имавме од производителите во индивидуалниот сектор премијата е исплатена заклучно со 14 овој месец. Инаку, натамошната исплата на премијата ќе тече според динамиката за обезбедување на средства од Републичкиот буџет и за сега според ова, денеска добивме одредена сума на пари, ќе се исплатат и останува некаде овие денови да добиеме околу 10 0 милиони денари за да може целокупната премија од откупената пченица да биде исплатена.

Понатаму, според податоците кои се добиени од претпријатијата кои располагаат со сместувачки капацитети тоа се разните откупни организации, земјоделски комбинати, мелничко - преработувачките претпријатија, различни задруги и слично, вкупно лагерованата количина на пченица изнесува 249 иљади и 400 тони од кои на меркантилна отпаѓа некаде околу 230 иљади тони и натурална семенска пченица околу 19 иљади тони. Ако се има предвид дека до сега се што е откупена и лагерована количина произлегува дека вкупниот понуден пазарен вишок до денеска треба да го имаме и изнесува околу 338.941 иљада тони. Се цени дека од вкупно лагерованите количини не произлегуваат само од сопственото производство од овогодишниот род, туку во овие количини претпоставуваме дека можат да бидат вклучени залихите од минатата година, како и дел од увезената пченица по различни основи.

Со цел да се добие правата слика за состојбите околу откупените и лагерованите количини, Министерството превзема активности за контрола

и утврдување на фактичката состојба за добиено сопствено производство, понудениот пазарен вишок и лагерованите количини од тоа производство.

Во меѓувреме исто така побарани се одредени податоци за преземени и откупени количини на пченица од Мелничко - пекарската индустрија. Од оваа индустрија се добиени следните податоци:

До сега се преземени и ускладиштена пченица во мелничко - пекарските силоси 165 илјади тони. Се очекува да се откупат уште 21 илјада и 400 тони. Од откупената пченица вкупно што сакам посебно да го истакнам, се исплатени заклучно со 1 овој месец, значи во изминатите 20 дена, исплатени се 58.930 илјади тони. Од тоа во готово е исплатени 24 илјади тони, а останатите се исплатени по пат на замена, било со брашно или друга компензација. Еве толку кратко за оваа проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Живко Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на големото значење околу исплатата на пченицата од која зависи и реализацијата на есенската сеидба, Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија на 11 септември 1995 година ја разгледа Информацијата за извршувањето на жетвата, откупот на пченицата и исплатата на премијата за 1995 година и притоа го поднесе следниот извештај:

Комисијата ја разгледа и поддржа Информацијата при што констатира дека истата претставува реален приказ на состојбите и проблемите кои се однесуваат на извршување на жетвата, откупот на

пченицата и исплата на премијата за 1995 година. Исто така Комисијата констатира дека Владата на Република Македонија преку надлежните ресори презела и презема мерки во рамките на својата надлежност за непречено одвивање на сместувањето и откупот на оваа стратешка култура, за што во Информацијата има приложено табеларни прегледи на жетвените активности од вкупните количества и сместувачките капацитети во претпријатијата и општините.

Во расправата посебно внимание се посвети на спроведувањето на одлуката за определување на највисоки цени на брашното и лебот во смисла на зајакнување на инспекциските органи на надлежното министерство за извршување на истата, водење евиденција за прибирањето на средствата и нивното наменско трошење.

Посебно внимание се посвети и за тоа сакам да нагласам, на прибирањето на оние три денари од продажбата на лебот, поготово кај приватните пекари. На Комисијата се сметаше дека овие три денари кои треба да се прибираат од приватните пекари не е доволно обезбедено инспекциско проверување дали тие три денари навистина стигаат во касата и сметаме дека тука треба да се обрне посебно внимание.

Во врска со Одлуката на Мисијата на благајнички записи беше укажано дека иститe се новина за земјоделците чиј интерес со приложената каматна стапка не е особено изразен поради што беше укажано на потребата за преиспитување на предложената каматна стапка и зголемување на истата доколку е можно нормално да се преиспита на 2,4%.

Комисијата смета дека при исплатата на пченицата се дава поголем приоритет кај индивидуалните земјоделци, што исто така мислиме дека третманот треба да биде подеднаков како кај индивидуалните така и кај општествените производители, односно министерството пред себе треба да гледа само производители на пченица. До колку истото се случеше да му се даде приоритет и на

општествениот сектор ќе беше предложено од наша страна, барем така беше договорено на самата Комисија, тој приоритет да биде еднаков, односно да нема никаков приоритет, а третманот да биде подеднаков кај секој производител.

Според тоа, од; расправата Комисијата заклучи да предложи на Собранието на; Република Македонија да го донесе следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија да ја прифати Информацијата за извршување на жетвата, откупот на пченицата и исплатата на премијата во 1995 година.

2. Владата на Република Македонија да преземе неопходни мерки и активности за спроведување на одлуката за определување нај- високи цени на брашното и лебот, особено за прибирање на средствата и нивно наменско трошење и нејзино преиспитување во смисла на долго- рочна мерка.

Преиспитување на Одлуката за. емисијата на благајничките записи во смисла зголемување на каматната стапка од 2,4% со цел, исто така како новина, стимулативно да влијае кај земјоделците.

Преиспитување на можноста за исплата на пченицата пред за- почнувањето на есенската сеидба.

3. Владата на Република Македонија да преземе неопходни мерки за обезбедување на средства за исплата на пченицата според динамиката за исплата утврдена во информацијата.

На крај сакам да кажам дека ние имавме една информација кога беше за исплатата на тутунот, меѓутоа, по она искуство што го имаме, мислам дека целосно не беше спроведена и затоа предлагаме до Владата оваа информација со оваа динамика на исплата да биде спро-

ведена во однос на пченицата, бидејќи навистина земјоделците се зависни од исплатата на пченицата во извршувањето на есенската сеидба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор господинот Талимџиоски.

III/1.- ВД/ЉР

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина ако се вратиме малку назад почнувајќи од прибирањето на жетвата ќе видиме дека министерството го натеравме да работи толку многу да може секојдневни информации да ни доставува со сите показатели, дури и тие показатели што денеска ги имаме а јас тука би ги набројал од 22.VI.1995 година потоа 26.6.1995 година, потоа уште двете информации кои усмено ни беа изнесени, а да не зборуваме за оние што беа за тутунот, тутунопроизвоството, откупот и разликата во цената. Денес веќе ја добивме Информацијата за извршување на жетвата, откупот на пченицата исплатата и премијата.

Ова што сега е изнесено како информација навистина ние го имавме секојдневно пласирано од страна на новинарите кои, така да речам ги имаа податоците од страна на Министерството и на крај не знам што уште треба да бараме било тоа на комисиите, било во овој Парламент. Она што беше од Министерството за земјоделие и Министерството за стопанство го имавме. Целта беше да ја добиеме и последната информација, а тоа беше Информацијата од Министерството за финансии. Гледано до денешен ден, знам дека ние тешко, бидејќи го познаваме земјоделието, знаеме во какви маки се развија иако веќе ги погледнеме и табиларните прегледи ќе видиме дека Министерството работело навистина најсериозно за да може да дојде до овие податоци. Гледајќи ги овие податоци сметам дека не треба повеќе да дискутираме, јасно им е на производителите, не треба да прибираме некакви поени за себе, бидејќи и временските услови и се она во кое се наоѓаме веќе го имаме извршено. При крај сме со завршувањето на тутунот мислам разликата во реалната, а да не речам и со исплатата на пченицата, а она што некој сака и го бара, ценам дека тоа требаше малку поинаку

Министерството да и договори бидејќи јас она што го знам е дека во Македонија во некои откупни претпријатија, организации или поединци кои вршат откуп сами ја определуваат откупната цена лажејки ги производителите, а сметам дека сега настојуваат на некаков начин да ја добијат онаа разлика во цена што сметам дека и како парламентарни не ни доликува. Жал ми е што не го гледам предлагачот мислам дека работите ќе ги извршевме поинаку и ќе кажевме тие резултати какви се и што се, бидејќи и во Прилеп , прилепските производители веќе реагираат на тоа што некои ја откупил пченицата, меѓутоа ја откупил не по онаа цена, туку по друга цена. Затоа да не се чудиме ако едне ден и тие веќе застанат на нашите врати.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Вака напишаната информација и воведното кажуваше од страна на министерот не можам друго да кажам освен да ја подржам, бидејќи вака напишаниот текст во мене е во ред, но напишаното е едно, како информација, а реалноста е друго.

Како член на Комисијата за земјоделие од тие причини побарав да не биде ова доставено како информација, туку да биде анализа на состојбите во аграрот. Тоа го побарав од причини што еден голем процент односно над 30% од населението во РМ се занимаваат со земјоделие. Тоа ни дава за право да кажам дека опфатеноста на населението не ни дава за право да ја сведеме на гледање на информација, туку да биде една целокупна престава на состојбите во аграрот со предлог мерки како да се излезе од оваа ситуација.

Реков Информацијата е едно, а реалноста е друго од причини што една ваква информација ние гледавме пред неколку месеци и по ситата не се постапи во целост, бидејќи беше кажано до август месец. Се

работи за Информацијата за тутунот во делот за исплатата на разликата меѓу догорената цена меѓу Владата и токупните организации а оваа разлика во целост се уште не е остварена. Затоа ваквото гледање на информациите не ни дава за право да им дадам таква важност,.

Имајќи во вид тоа што значи садењето на тутун да кажам дека тутунот е култура која за да се посее на 1000м$^2$ површина треба да се посадат 8.000 гранчиња, а за да се посадат тие потребен е соодветен труд. Затоа ние на ваков начин тоа што го правиме не им враќаме на земјоделците.

Информацијата во тој дел ја гледам и можам да кажам дека се бараат информации затоа што имаме вишок на производи: вишок на производство на тутун, вишок на производство на пченица. Значи кај земјоделието поготово кај индивидуалните земјоделци во секој момент имаме вишок на производи. Бидејќи имаме кај нив вишок на производи потребна е некоја друга политика према овие луѓе заради давање на една перспектива во тој дел. Перспективата во тој дел за гледам во инвестираше. Како што се инвестираше досега во општествените претпријатија сега да инвестираме и во индивидуалното земјоделие, бидејќи податоците кажуваат дека во секој случај имаме вишок на производство од нивна страна.

Сега да се навратам пак на Информацијата затоа што уште во март месец, во делот на пратенички прашања поставив прашање "што со Програмата ФАРЕ каде барав од оваа програма за индивидуалните земјоделци да се додели нафта заради орање на површините. Потоа исто така поставив прашање и за давање на бензин за наводнување на земјоделските површини, а на кои две прашања се уште немам добиено одговор. Меѓутоа одговорот не е толку битен колку ако се преземеше нешто и се дадеше соодветна помош на земјоделците во однос на нафтата регресирани ѓубрива, бензин за наводнување итн.

III/4.-

И уште денаш му дава за право на информациите да не им давам таква важност бидејќи имаше став на Владата односно на ниво на Влада беа донесени заклучоци да се забрани увоз на раноградинарски производи. Меѓутоа сите сме свесни што се случи во тој на раноградинарсктие производи. При забран на увоз на домати и краставици се направи еден пробив на таа Одлука на Владата и од 5 мај па се до 15 јуни имавме увезено големи количини на овие производи, а кажани исто така во информација од страна на Министерството, меѓутоа што се презема против луѓето што тоа го сторија. Еве ние носевме и закон за ублажување на последиците од земјотресот во Охрид, Битола итн. Во Струмица, Гевгелија и Валандово исто така се случи земјотрес, само не му е позната јачината. Земјотресот е баш во тој дел затоа што овие луѓе главно вложуваа вораноградинарсктие производи ,а си дозволи дене службеник во Министерството за стопанство или самиот министер, си дозволи за право да даде дозвола да се увезуваат домати, краставици и бостан. Еве последичните податоци кажуваат дека имаше увезено бостан.

Анализата што ја побарав на Комисијата за побарав баш за тој дел за да се согледаат овие состојби. Затоа реков Информацијата како таква е во ред, меѓутоа ако имаме анализа во која ќе бидат презитирани сите овие состојби и со надминување на ваквите состојби односно решенија во тој -дел на земјоделието. ,

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се сеќавате дека, можеби пред неколку сеници, а тоа беше пред 2 месеци пред да отпочне жетвата и околу организацијата на откупот, го поставив прашањето, дури дадов и предлог Министерството да ни подготви една информација како понатаму ќе се организираме во однос на откупот и исплата на пченицата итн. Меѓутоа во тој период не добивме таква информација. Добро е сега што ја имаме

таа Информација и мислам дека веќе го задоволува мое пратеничко прашање што го поставив.

Меѓутоа, самата Информација е недоволна, насловот на Информацијата. Информацијата гласи за извршување на жетвата, откупот на пченицата и исплата на премијата. Ние тука имаме еден апсурд. Премијата изнесува само два денари, а исплата на пченицата е 10 денари Практично не е проблемот премијата како ќе се исплати, туку како ќе ја исплатиме пченицата. Ако ја прифатиме информацијата вака како што е сега, јас мислам дека е во ред, заради тоа кога ќе направиме една поделба на она што значи проблемите кои биле врзани за жетвата, тогаш проблеми немало. Имало , но се гледа од Информацијата дека многу поквалитетно и организирано ја извршиле жетвата во РМ и покрај отежнатите климатски услови што постоеле. Така да и во Кумановска општина тврдам дека организацијата и жетвата беа многу благовремено и квалитетно извршени. Меѓутоа и откупот беше задоволителен иако постоеја одредени проблеми околу сместувачкиот капацитет, благодарение на Комбинатот Куманово и Житомел Куманово.

Меѓутоа, сега исплатата на премијата, како што се кажува овде, јас тврдам дека утринава имам последна изворна информација од Центарот за унапредување на земјоделието дека Житомел ги дал сите списоци на граѓаните кои однеле пченица во Житомел, меѓутоа до ден денеска Центарот нема примено никакви материјални средства. Зборувам на Куманово од каде имам изворен податок дека сеуште не е исплатена премијата. Меѓутоа јас барам сека оваа информација да добие дополнување на насловот и да гласи - Информација за извршување на жетвата, откупот на пченицата и исплата на пченицата. Тогаш би била целосна таа Информација за која ние би расправале доста квалитетно.

III/6.-

Гледано до аспект од она што значи Информација за мене е многу квалитетна информација, квалитетно не информира за сите фази, како се тие извршени, меѓутоа, проблемот е тука како ние понатаму ќе ја извршиме таа исплата, макар што министерот беше доста дециден кажа дека до декември може да се изврши целокупната исплата на пченицата.

Јас во расправата со моите изборни места, а верувјате дека ние тројца пратеници од Куманово ги покриваме селските населени места. Јас зборувам меѓутоа за она што го зборуваат нашите граѓани, индивидуални земјоделски производители дека имаат материјални средства сега да ја извршат сеидбата. Тоа е основно дека калкулацијата која била оптоварена за да откупи семенски материјал мора да се плати во готово. За да се купи вештачко ѓубре потребно е да се плати во готово. Да се изора нивата мора да се плати во готово. Да се прихрани во готово, пренос, исто така во готово. Меѓутоа, кога сега треба да му се надомести она што треба да му даде на државата, а државата се определи дека сепак пченицата претставува стратешко земјоделско производство, мислам дека тука има еден прекин. Се прашувам дали ние пак не ги жртвуваме земјоделците на се она што го правиме како држава. Ако ја сечеме гранката на која стои, јас тврдам дека најголемиот дел од правите земјоделски производители ен се способни да ја извршат жетвата во овој временски рок.

Мојот колега од Свети Николе ме прашува од каде пари? Јас велам не ги наоѓам парите. Ако би бил некој на таа функција можеби ќе се залагам како да дојдам до пари. Меѓутоа, во оваа ситуација не сум тоа. Јас ги кажувам проблемите кои постојат во рамките на нашите изборни места односно кај земјоделските производители. Затра апелирам, ако не друго, сепак, државата да создаде некаква гаранција кај индивидуалните производители, една сигурност, за утре

да немаме последици бидејќи програмата за есенската сеидба веќе е на праг, а можеби ќе дојдеме до ситуација луѓето да не бидат сигурни кој производ да го посеат и утре како држава да очекуваме одреден приход.

Во целост ја прифаќам Информацијата, а Извештајот на Комисијата собраниска, повеќе мислам за декларативен оној прав социјалистички, даваме одговор, меѓутоа никогаш да не се реализира.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко само ќе изнесам некои мои размислувања во врска со воала проблематика.

Денес имав контакти и со индивидуални земјоделци а имав контакти и со претставници со општествени фирми кои се занимаваат со оваа проблематика.

Сето тоа што се изнесува, да кажам до поедини пратеници., според мое размислување е причинето од фактот што постојат несоодветно решени права и обврски меѓу одделни министерства во составот на Владата. Ве молам ние не можеме да го обединевме ова Министерство, ако Министерството за финансии редовно не ги пушта парите, со кои пари се врши откупот. Значи тука ситуацијата е сосема јасна. Одредени ингеренции кои се во составот на Министерството за стопанство, не можеме да го обвиниме дека за тие компетенции е одговорно Министерството за земјоделие итн. Оттука произлегува фактот дека Владата, на овој Парламент треба да му предложи нов закон за конституирање на власта односно на Владата во кој закон ќе треба да се расчистат овие односи кои прават големи проблеми, да кажеме во практично функционирање, односно во мешање на компетенциите, правата и обврските меѓу одлеени ресори во составот на Владата. Овој момент мора да го имаме предвид кога ја анализираме оваа

Информација. Инаку, таа Информација иако мислам дека е работена квалитетно, но јас од моја страна не бев способен за 5 минути да ја прочитам. Зборувам до тие информации што од порано ги имам стекнато. Но, јас од оваа призма го гледам целиот овој проблем кој се дискутира или е назначен во Информацијата.

Понатаму на овој Парламент треба да се даде одредена информација во врска со пченицата од Србија кој увоз, да кажеме од аспект на цени е со далеку пониски цени отколку што се врши откуп овде и се исплаќа. Во таа смисла, еве да кажам во Гостивар имаме големи количини кои се директно или индиректно од организацијата која се занимава со таа работа. Сакам вака информативно да се расчисти оваа тема, бидејќи тука постои економскиот интерес на тие правни лица да увезуваат нешто што е поевтино, отколку што се должни да го плаќаат, да кажеме, од индивидуални земјоделски производители или од она што се произведува во Македонија.

**РУФИ ОСМАНИ**:(Продолжение)

Исто така, би сакал да слушам од аспект на политиката на откупните цени, пошто во оваа смисла постојат различни толкувања, па би рекол и големи дезинформации, за да бидеме во можност адекватно да ги информираме луѓето за се она што е политика и за динамиката на откупот, да кажеме, особено за оваа година, која динамика треба реално да признаваме не е во согласност со интересите на индивидуалните земјоделци ширум Македонија.

Значи, за мене се овие проблематични работи кои ние би требало да ги имаме предвид, ако не за ништо друго, тогаш барем за објективно информирање на нашиот електорат, во кој електорат јас имам индивидуални земјоделци.

Инаку, на крај јас ја поддржувам Информацијата, само би упатил забелешка таа понатаму на време да биде доставена за да имаме време и да ја анализираме и да земеме дополнителни информации од тие што се занимаваат со оваа работа било да се индивидуални земјоделци или за општествени претпријатија. Тука би сакал да истакнам една појава, која се истакнува од општествените претпријатија во однос на да кажеме сивата економија, односно сивиот увоз на пченицата која од една страна многу^влијае во нелојалната конкурентност, а како појава особено има широки размери кај приватните пекари, тие што се занимаваат со оваа работа. Во таа смисла пошто тие ингеренции и компетенции спаѓаат во Министерството за финансии, кое јас често пати го критикував, а имам реални докази и основи дека неорганизирано,адекватно еве тоа уште еден прилог кон таа критика дека некој работи од аспект на функционирање на царината, која е во склоп на тоа министерство не функционира како што треба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Борис Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, јас сакам да се произнесам со неколку зборови во врска со информацијата. Мислам дека информацијата е сеопфатна и на некој начин содржински е во ред, меѓутоа, можам да ви кажам дека во моментов кога се врши откуп, конкретно на подрачјето на општина Струмица имаше неверојатно разочарување на земјоделците. Навреме беше донесена програмата за откуп и утврдена цената за заштита на пченицата, меѓутоа откупот одеше доста бавно од една страна, а од друга страна исто така. Министерот кажа како идат премиите, меѓутоа, на тој дел, што се вели 10 денари некои организации своеволно наместо 10 го наплаќаа по осум, па покрај тоа што ја намалуваа цената тие пченицата ја наплаќаа во натура, со сол, со зејтин со шеќер и тн., иако ние во Струмица пред некој ден имавме разговор со министерот и тој беше јасен и гласен конкретно за индивидуалниот сектор дека наплатата треба да биде во денари, а никако во роба. Меѓутоа одредени организации ова го правеа. Точно и само заради тоа станав да кажам мислам дека треба на некој начин да се ангажираат структурите кои се овластени за начинот на откуп начинот за исхрана таму, дали инспекции, дали министерства за финансии и за земјоделство, да не дозволат на откупните организации така да се однесуваат спрема земјоделците.

Инаку, можам да ви кажам дека навистина дека кај земјоделците има огромно разочарување во тој поглед. Вие знаете како беше со тутунот, еве сега со житото, а исто така и со раноградинарските култури. Мислам за наредниот период навистина овој Парламент треба да се

позанимава со земјоделството заради тоа што тие луѓе навистина произведуваат, ако се жалиме дека во стопанството перманентно ни паѓа производството, во земјоделството конкретно ќе ви кажам во Струмица во 1995 година 50% имаше посадено повеќе површина под било какви култури за разлика од 1994 година. Меѓутоа, финансов ефект луѓето од тоа немаат.

Уште еднаш апелирам пред Владата и пред Парламентот со оваа проблематика малку повеќе да се позанимаваме за да можат овие луѓе да продолжат и понатаму да произведуваат, затоа што можам да ви кажам дека сега еден добар дел од земјоделците од Струмица, поготово од простиот дел тутунот го исфрлија како култура токму заради тоа што одеше така како што одеше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да поминеме на гласање по Предлог - заклучокот молам да добиеме информација колку пратеници се присутни во салата.

Молам пратениците да влезат во салата.

(Пребројување на пратениците)

Молам за информација уште една колку пратеници се присутни во салата.

68 пратеници се присутни. Значи, имаме кворум за одлучување.

Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Со тоа ја завршуваме 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,45 часот)